centropa

**Проектна активност на учениците во ООУ „Илинден“**
**Крива Паланка , Р. Македонија**

# Име на проектот : Three promises

***„Најсреќните мигови во мојот живот се тие ретките кои што ги поминав дома во прегратките на моето семејство “.***

***Томас Џеферсон***



**Ментор: Георгиевски Никола**

**Интеграција на :** Етика во религиите, Етика, Граѓанско образование VIII и VIII9, Македонски јазик, Историја, ученици од III одделение и Peace Corps Volunteers




**ИДЕЈА: Користење на Centropa ресурсите (дигитално наследство)во наставата со цел запознавање на учениците со еден ужасен период од човечкото постоење во кој многу семејства беа жртви на една идеологија**

# Подготовка за час

**Одделение :** VI , VII , VIII/8  VIII/9

**Дата : месец Октомври-Ноември 2013**

**Реализатор :** Никола Георгиевски ООУ Илинден Кр.Паланка Р.Македонија

**Тема :** Гледање и разработување на филмот :Three promises од www.centropa.org

**Наставен предмет :** Етика во религиите , Етика , Граѓанско образоване , Историја ,Македонски јазик

**Наставно подрачје**

## ЕТИКА ВО РЕЛИГИИТЕ




Тема 2 Етика во религиите,

- Големите светски религии (Јудаизам) ;

## ЕТИКА




Тема 2 Универзални етички вредности,

- Семејство ,сите треба да се сакаат ,почитуваат и помагаат;




## ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ VIII/9

Тема 1 Човекот човековите права и одговорности

- Идентитет,
- Стереотипи, предрасуди и форми на дискриминации
- Човекови права – основни човекови права




## ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ VIII/8

Тема 3 Основи на Меѓународно хуманитарно право (МХП)

- Прекршувања на МХП
- Воено злосторство

## ИСТОРИЈА VIII




- Преселување на евреите од Шпанија на Балканот
- Третирањето на евреите за време на кралството СХС вклучувајки ја и Македонија
- Втората светска војна




## МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК VIII/9

Тема 9 – Реченички состав на македонскиот јазик според потеклото на зборовите

# Соработници

### *Учениците од III одделение

Детски права

### *Peace Corps Volonteers

Запознавање на учениците со  материјали од слична содржина и што е она што се изучува во САД за Холокаустот и за периодите кое се опфатени во филмот .

### *Секција по Англиски јазик

Превод на проектите и презентациите (достапно за наставниците и учениците од англиското говорно подрачје)

# Цели:

## Етика во религиите

- Да се запознае со историските почетоци на Јудаизмот како религија и како учење ;
- Да усвои знаење за светите книги во Јудаизмот (Тора, Талмуд и Зохар Кабала ),за светите објекти – храмови(Синагога и Ѕидот на плачот) и симболиката на Давидовата ѕвезда ;
- Да знае дека Еруслим е важен религиски центар за Евреите и за сите религии воопшто ;
- Да ги научи еврејските празници и обичаи ,традиција ..
- Да ги запознае моралните закони во Јудаизмот :Мицва-правила ,Кошер-правила во исхраната ...
- Да забележи дека семејството е ОСНОВЕН ТЕМЕЛ во Јудаизмот ;

## Етика

- Да дефинира што е тоа семејство, каква заедница е ,по што се разликува од останатите заедници ;
- Да прави разлика помеѓу семејствата (двегенерациски и тригенерациски семејства) ;
- Која е улогата на родителите а која на децата во семејството ;
- Да научи дека семејството е важна алка во животот на човекот, дека тоа претставува база на човековото воспитување ,самосознание и лична изградба
- Семејните вредности се основа и темел на секој човек

# Граѓанско образование VIII/9

- Да научи што е тоа идентитет и каква посебност е таа ;
- Да прави разлика помеѓу индивидуален и колективен идентитет и да дава примери во опкружувањето ;
- Да го открие сопствениот идентитет ;
- Да знае дека непознавањето на себеси и другите доведува до појава на нетрпеливост и конфликти ,како и до појава на стереотипи, предрасуди и форми на дискриминација ;
- Да се запознае со терминот **АНТИСЕМИТИЗАМ** – директна форма на дискриминација кон евреите која доживеала кулминација во Втората светска војна.
- Да научи за човековите права , за нивната класификација ***(на граѓански и политички ; и социјални, економски и културни права)***, да ги набројува и да дава примери за нив ;
- Да истражи за првата генерација на човекови права , а посебно внимание да обрне на : **Правото на живот и Правото на избор ;**
- Лични слободи и права ;
- Универзалната декларација за човекови права ;

# Граѓанско образование VIII/8

- Да дефинира што е тоа воено злосторство ;
- Да препознае период кога, од кого и зошто е прекршено МХП ;
- До осознае кои прекршувања на МХП се воени злосторства;
- Да анализира ситуации на прекршувања на МХП ;
- Да наведе примери низ историјата каде се случиле воени злосторства (Втората светска војна – холокаустот со евреите во концентрациони логори на смртта) ;
- Да ги открие последиците од војна и конфликти ;

# Историја VIII/8 : Цели

- Да ги открие причините за инквизицијата во Шпанија ,Кои се личностите кои дошле до оваа идеа ;
- Патот на евреите –маршута на преселба на Шпанските Евреи ;
- Истражување за поимите **АШКЕНАЗИ И СЕФАРДИ** (кои евреи ги нарекуваат Ашкенази и Сефарди)
- Третманот на евреите во СХС и Македонија – да направи споредба во Југославија во воениот и предвоениот период ;
- Животот на евреите со доаѓањето во Кралстовто СХС и нивното значење и улога во социо-економскиот и општествено-културен развој на кралството ;
- Да научи дека и во **Македонија како дел од кралството СХС** се населиле голем број на евреи и за нивниот третман во Македонија ;
- Да открие семејни трагедии на бројот на еврејските семејства во Македонија за време на втората светска војна , за улогата на Бугарија во депортацијата на евреите

# Задачи :

**Етика во религиите :**

**Учениците во оваа група се задолжени да истражат за религијата на семејството Калеф - ,поточно за Јудаизмот како религија и традиција на целото семејство (практикувањето на обичаите) кое се спомнува во овој филм ТРИТЕ ВЕТУВАЊА.**




**Матеј** **Филип**

# Етика:

**Оваа група има за цел да ги открие семејните врски и семејната поврзаност на семејството Калеф , на нивните семејни релации и на она на какви семејни вредности ги учат своите деца ,за важноста на семејството како главна алка во животот и изработување на семејно дрво –СТЕБЛО на потеклото на семејството Калеф.**




**Јован** **Младен** **Наталија**

## Граѓанско образование

**VIII/8 –Учениците имаат обврска да истражат за она што се случува во последниот дел од филмот,поточно за периодот што го опфаќа Втората Светска војна и прекршувањата на МХП (меѓународното хуманитарно право), Што спаѓа во прекршување на МХП, и за најтешкиот облик ВОЕНО ЗЛОСТОРСТВО –неселективно убивање .**




**Викторија** **Симона** **Моника**

VIII/9

**Група 1 Учениците имаат да истражат за идентитетот како човечка посебност ,за тоа колку видови идентитет постојат (Индивидуален и Колективен) како се определува тој и да даде примери за двата вида на идентитет; да истражи за идентитетот на семејството Калеф и да направат идентитетска анализа на ДВА ЛИКА од филмот кој им оставил силен впечаток .**




**Андреј** **Стефан** **Далибор**

centropa

**Група 2 Учениците работат и истражуваат за стереотипите и предрасудите како форми на дискриминација и за прекршувањата на основните човекови права. Нивните активности се состојат од освртот на еден тип на дискриминирање како што е АНТИСЕМИТИЗМОТ-наменето исклучиво за Евреите , и како дискриминацијата влијае врз сваќањата на поединците врз некои други припадници на други групи.Исто така да и да осознаат малку повеќе за Универзалната декларација за човекови права и за нејзините 30 члена – кои се и што гарантираат тие.**




**Тамара** **Адам** **Лора**

## Историја

**Оваа група има за цел да истражат за трите периоди кои се среќаваат во филмот :Инквизцијата во Шпанија,Доаѓањето на евреите на Балканот и во Кралството СХС и за периодот на Втората светска војна . Да напишат за предизвиците со кои се соочени некој ликови од семејството Калеф од некоја генерација и за премрежјата со посебен акцент на Втората светска војна.**




**Марија** **Андријана** **Анастасија**

## Македонски јазик

**Оваа група е задолжена да направи лексикон на помалку познати зборови кои се среќаваат во филмот ,и нивната цел ќе биде да ги наредат по азбучен ред и доколку имаат некоја група проблем со толкување и разбирање на некој збор тие да им го објаснат**




**Андријана** **Ана**

## III Одделение

**Истражување за Детски права – дека голем број на деца настрадале за време на Холокаустот ,останале без дом, грижа и родители ,кои се детски права ,како можат да бидат повредени и дел од учениците да сликаат цртежи со мотив “Детски права“.**



## Peace Corps Volonteers

Запознавање на учениците со материјали од слична содржина и што е она што се изучва во САД за Холокаустот и за периодите кое се опфатени во филмот .

**Форми и методи на работа :**

- Кусо предавање од страна на наставникот
- Анализа на филмот
- Насочена дискусија – метод на разговор
- работа во парови ,групи и индивидуална работа

**Наставни средства и помагала :**

- краток филм од **www.centropa.org** **Tree promises**
- учебници,енциклопедии, брошури , прирачници ...
- физичка карта
- Компјутер
- Проектор
- Смарт табла
- Табла, креда, хамер, маркери ...

**Место на реализација :**

Училница

# Активности на наставникот :

## 1.Воведни активности

На почетокот на часот наставникот ги воведува учениците во која насока да размислуваат и за кој период станува збор да бидат информирани . Исто така тој им објаснува на учениците за целта и идејата на оваа проектна активност.

Пред да го пушти филмот наставникот ги дели учениците во групи и им кажува која група за што е задолжена , односно која група на што ќе треба да обрне посебно внимание во текот на филмот.Групите можат да фаќаат белешки , но по потреба или по барање на учениците може да се стопира филмот и наставникот да дообјасни – ако тоа од негого побара некоја од групите .



## 2.Ученичко-подучувачки активности

Наставникот ја отвара дискусијата преку бура на идеи и разговарасо сите ученици – за тоа дали имаат некој општи предзнаења за некој од периодите спомнати во филмот .Подоцна одблиску со секоја група води поединечен разговор на што е потребно да обрнат внимание посебно. Така наставникот дава поврати информации за секој ученик или група и го/и ги насочува да размислуваат на повисоко ниво .

## 3.Евалуативни активности

Наставникот го пушта филмот Three promises и во текот на филмот ги следи сите ученици и групи какви активности превземаат. Успешноста на учениците во текот на часот се мери според индикатори за успешност , а на тој начин наставникот го констатира степенот на очекуваните резултати.

## Активности на учениците :

## 1.Воведни активности

Учениците внимателно ги слушаат инструкциите на наставникот на самиот почеток,се концентрираат на филмот ,забележуваат во тетратка одредени случки ,настани, имиња ... Учениците исто така се запознаваат со нивните задачи и активности кои треба да ги извршат по гледањето на филмот .Секој ученик е информиран во која група е член ,и детално и објаснил која група каква задача има .

## 2.Ученичко-подучувачки активности

Секоја група започнува со своја задача (секоја група си се самоорганизира на свој начин, и кој член за што ќе истражува).Сите ученици се активно вклучени прават анализа на филмот и го разработуваат по делови .Пишуваат забелешки и се договараат за идните активности.

## 3.Евалуативни активности

Учениците го гледаат филмот и си создаваат некоја претстава за животните судбини на ликовите кои се спомнуваат.Одговараат на претходната бура на идеи од наставникот ,одговараат индивудуално а финалниот продукт ќе биде групен –заеднички .